Република Македонија
Министерство за образование и наука

ДО

**Основно училиште ________________________**

**Средно училиште _________________________**

**Министерство за образование и наука**
**Сектор за _____**

Бр. 12-10503/1
05.09.2018 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр..54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

**Повик за пријавување на наставници од основни и средни училишта во Македонија за одржување на час за кодирање во рамките на Европската недела на кодирање (EU Code Week 2018)**

Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Фондацијата Метаморфозис, Ве повикуваат да се пријавите на Европската недела на кодирање (EU Code Week 2018), која ќе се одржи помеѓу 6 и 21 октомври 2018 година на различни локации во повеќе од земји од Европа и пошироко.

Неделата на кодирање е иницијатива поддржана од Европската Комисија и истата е лансирана за прв пат во 2013-та година, и има за цел зголемување на дигиталните вештини во Европа. Во рамките на Европската недела на кодирање во 2017 година беа одржани вкупно 25.089 настани во 52 земји ширум светот, а учество земаа над 1 милион учесници. Македонија активно учествува во Европската недела на кодирање преку пријавување на настани во различни образовни институции, а оваа година сакаме да обезбедиме што поголемо присуство на македонски училишта со што би се зголемил интересот и основните вештини кај најмладите за програмирање и развивање на дигитални вештини.

Со регистрирање на настан во Вашето училиште, го давате својот придонес за подигнување на свеста кај најмладите за развивање на дигитални вештини, како важна стратешка цел за земјите од Европската Унија, на која во тек на Дигиталниот самит на Западен Балкан во Скопје ни укажа и еврокомесарката Марија Габриел.

**Пријава за учество за училишта (до 6 октомври)**

Како дел од Европската недела на кодирање, учество може да земе било кој наставник во основните и средните училиште на територијата на Република Македонија, со пријава на 1 наставен час (надвор или во склоп на наставната програма) кој ќе се одржи во рамките на Европската недела на кодирање.

Како да станете дел од Европската недела на кодирање имате на следниот линкот: http://events.codeweek.eu/guide/

Пријавувањето час посветен на програмирање се врши преку регистрирање на наставник, образовна институција и терминот на официјалната веб-локација. При тоа потребно е креирање на профил со корисничко име и лозинка. Рокот за пријавување е 6 октомври 2018 година.

Линк за пријавување: http://events.codeweek.eu/login/?next=/add/
Сите пријавени кои ќе одржат наставен час во рамките на Европската недела на програмирање ќе добијат сертификат за учество.

**Дополнителна можност за поддршка на проекти на граѓански организации и училишта (до 15 септември)**

Како дел од Европската недела на кодирање, Фондацијата Метаморфозис има објавено повик за доделување грантови до 300 евра од програмата „Meet and Code" за поголеми проекти на кои може да се пријават **партнерства** од граѓански организации и училишта.
При тоа, просветните работници може да испратат своја идеја (наставен план) за настанот најдоцна до 15 септември 2018 година преку веб-локацијата на Метаморфозис. Избраните учесници ќе добијат паричен надомест и можност за награда. Проверете кои се условите за аплицирање за грант за „Meet and Code" преку Метаморфозис и кои се критериумите за избор на доставените идеи.
Услови за аплицирање за грант за „Meet and Code" преку Метаморфозис, на следниот линк:

http://metamorphosis.org.mk/aktivnosti_arhiva/grantovi-za-meet-and-code-2018-aplicirajte-do-15-ti-septemvri/

Лице за контакт:

Валон Абдиу, тел: 070-33-55-22, macedonia@meet-and-code.org (Метаморфозис)

**МИНИСТЕР,**
Dr. Arbër Ademi